РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Државен просветен инспекторат
Дел бр. 09-25
Дата:11.11.2022 год.
Кичево

| | |
|---|---|
| **ООУ „Наим Фрашери"- с.Јагол Доленци-Кичево** | |
| Конечен извештај од извршена интегрална евалуација | |
| **Датум на интегрална евалуација:** | од 30,31.05 -01.06.2022 година |
| **Број на извештај:** | 2 / Југозападен /2022 година |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Амдин Рушај |
| **Вид на училиштето:** | Основно |
| **Подрачни училишта** | 4 (четири) |
| **Основач на училиштето:** | Општина Кичево |
| **Наставен јазик:** | Албански јазик |
| **Број на ученици:** | 68 |
| **Полова структура на ученици:** | 35 машки 33 женски |
| **Број на наставници:** | 23 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Блерим Велиу |
| **Директор на училиштето:** | Исмет Селими |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | Од 24,27 и 28.03.2017 година |
| **Адреса на училиштето:** | с.Јагол Доленци |
| **Телефон:** | 045/258-298 |
| **Факс:** | 045/258-298 |
| **e-mail:** | naimbejfrasheri@gmail.com |
| **Оценка ИЕ** | 2.61 добро |

Инспекцискиот надзор е извршен во согласнот со членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Сл.весник на РМ" број 52/2005; 81/2008; 148/2009; 57/2010; 51/2011; 24/2013; 137/2013; 164/2013 , 41/2014 , 33/2015 и 145/2015) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Сл. весник на РМ" број 86/2006)

## Резиме

Согласно Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат и Законот за Просветна инспекција од Од 30 ,31 мај и 01 јуни 2022 година , тим од тројца државни просветни инспектори спроведоа интегрална евалуација во работата на ООУ„Наим Фрашери“ с.Јагол Доленци-Кичево. Целта на интегралната евалуација е да се оцени квалитетот на воспитно-образовниот процес во училиштето како и примената на законите, другите прописи и општи акти со кои е регулирано образованието.

За време на тридневниот надзор инспекторите ги оствариjа планираните активности предвидени со Прирачникот за вршење на Интегрална евалуација. За време на надзорот во училиштето беа посетени наставници кои реализираат настава во основното и во подрачните училишта. Се одржаа планираните состаноци со директорот на училиштето, Училишниот одбор, Советот на родители , водени се разговори со фокус група на ученици.

Воспитно образовната работа во ОУ„наим Фрашери“ –Ј.Доленци се остварува врз основа на наставните планови и програми за деветгодишно основно образование, наставните програми по Кембрич, како и за учениците од I и IV одделение по Концепцијата за основно образование. Применуваните наставни планови и програми се во согласност со програмските документи кои се изготвени од Бирото за развој на образованието и одобрени од Министерот за образование и наука. Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем.

Изборната настава е застапена согласно Наставниот план, а изборот на наставните предмети од листата на изборни предмети го вршат родителите и учениците по предлог од училиштето со повеќе изборни предмети. Во училиштето се реализираат програми за дополнителна и додатна настава.

Во рамките на воспитно образовната дејност училиштето остварува разновидни воннаставни активности.

Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците по сите наставни предмети и за сите квалификациони периоди, со споредбени анализи на постигањата на учениците.

Наставниците имаат подготвени годишни глобални, тематски планирања и оперативни планирања за наставен час за задолжителните и изборните предмети. Планирањата на наставниците ги содржат неопходните елементи за успешна организација и реализација на часот.

Поголем број од наставниците користат разновидни наставни форми и методи во наставата. Во училиштето има функционално мрежно поврзани компјутери. Во училиштето има интернет конекција. Наставниците се обучени за употреба на ИКТ во наставата и истата се користи при реализација на наставните програми со различен обем на опфатени часови.

Реализацијата на наставата во училиштето е добра.

Основното училиште во с.Јагол Доленци располага со спортски терен.

Училиштето ги применува законските и подзаконските прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Во училиштето поголем број од наставниците користат различни методи и инструменти за формативно и сумативно оценување.

Училишниот простор во централното и во подрачните училишта е безбеден за изведување на настава со исклучок на подрачното во село Бериково. Учениците и вработените колективно се осигурани. Централно и подрачното училиште во село Тухин се осигурани.

Во училиштето има вработени лица кои поседуваат сертификат за давање прва помош на лица при несреќни случаи. Училиштето има план и упатства за постапување во случај на елементарни непогоди.

Училиштето има усвоено кодекс за однесување на учениците, наставниците и родителите и куќен ред за однесување на сите вработени со кои се дефинирани сите облици на однесување на учениците и наставниците.

Училиштето навремено и редовно врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација на училишните објекти и постапува по препораките и насоките на санитарната инспекција.

Одржувањето на хигиената во училиштето и санитарните јазли е добра.

Во училиштето има пропишана процедура за здравјето на учениците и вработените и се вршат редовни систематски прегледи и вакцинации на учениците и систематски прегледи на вработените.

Наставниците водат уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението на учениците.

Дисциплината на учениците во училиштето е добра.

Училиштето располага со соодветни просторни услови за одвивање на наставата и за работа на наставниот кадар. Големината на просториите е соодветна спрема бројот на ученици. Сите просторни капацитети се оптимално искористени од наставниците и учениците. Располага со одреден број на наставни средства и технички помагала.

За оваа учебна година училиштето има обезбедено соодветен наставен кадар .

Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива и статутот на училиштето.

Раководниот орган има професионален однос кон работата, превзема мерки за подобрување на севкупните услови за работа во училиштето. Директорот има поддршка кај наставниците, стручната служба, родителите, учениците и локалната заедница.

Училиштето има Годишна програма за работа со дел. Број 03-152/1 од 03.08.2021 година.

Има формирано тим за меѓуетничка интеграција со Одлука број 03-211/2 од 16.09.2019 година Партнер училиште за меѓуетничка интеграција е ОУ„Христо Узунов" с. Другово.

Училиштето има изработено Самоевалуација иизвештај за спроведената самоевалуација(дел.бр.03-113 од 18.06.2021 год.).

Училиштето има изготвено Програма за развој (дел.бр.02-39 од 24.02.2022 год.) за период од четири години.

Во училиштето формиран е инклузивен тим за работа со деца со посебни потреби со Одлука број 03-220/2 од 23.09.2019 година

Училиштето има отпочнато постапка за регистрација на училишен спортски клуб.

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени со различните фокус групи, од посетените наставни часови, анализата на претходно доставените прашалници и се она што можеше да се види на лице место, тимот од државни просветни инспектори констатира дека работата во ООУ„Наим Фрашери -сЈагол Доленци е добра.

---

Според класификацијата од Индикаторите за квалитет на работата на училиштата, постојат четири квалитативни нивоа:
1. Не задоволува
2. Делумно задоволува
3. Добро и
4. Многу добро

## КАРАКТЕРИСТИКИ НА УЧИЛИШТЕТО

Воспитно образовниот процес во ООУ „Наим Фрашери" с.Јагол Доленци се остварува согласно наставни планови и програми за основно образование и по новиот концепт за основно образование во прво и четвртто одделение. Наставата во училиштето се изведува на албански наставен јазик. Училиштето во својот состав има централно училиште сместено во с.Јагол Доленци, и четири подрачни училишта во

с.Тухин с. Папрадишта , с.Бериково и с.Калешовци.

. Училиштето е лоцирано меѓу трите села и тоа с. Јагол, с. Поповјани и с. Јагол Доленци во подножјето на планината Добра Вода.

Дејноста на училиштето е верифицирано со Одлука за основање од Министерството од образование и физичка култура бр. 10-21/12 од 07.06.1995 година.

с.Јагол Доленци училишната зграда е комплет реновирана со нова дограма.

Подрачното училиште во с. Туин се наоѓа на оддалеченост од 10 км од централното училиште. Патиштата кои водат до училиштето се асфалтирани и безбедни

Инфраструктурата на училиштето е безбедна за изведување на настава.

Наставата се реализира во една смена.

Во учебната 2021/2022 година вкупно има запишани 68 ученици распоредени во 19 паралелки со многу мал број на ученици по паралелки.

Централното училиште с. Ј. Доленци 8 паралелки чисти од кои I и II комбинирана III, V до IX одд. чисти со вкупно 18 ученици.

ПУ с. Туин, 8 чисти од I,III до IX одд, со вкупно 43 ученици.

ПУ с. Калешовци 1 комбинирана паралелка I, II одделение со 2 ученици

ПУ с. Папрадишта 1 комбинирана паралелка со по еден ученик во I, III и V одделение со вкупно 3 ученици.

ПУ с. Бериково, 1 паралелка IV одд, со еден ученик.

Вкупниот број на вработени во училиштето е 43 лица од кои 23 наставници, од кои 20 на неопределено и 3 на определено работно време 1 стручен соработник-педагог 2 библиотекари директор, помошник директор, друг помошен персонал (17), секретар, благајник, архивар, хаус-мајстори, економ, ложач на парно греење, чувари и хигиеничари

Според степенот на образование-стручност, 20 наставници се со високо образование и 3 со вишо образование,

Училиштето соработува со локалната средина, со институции, здруженија на граѓани и невладини организации.

Меѓу вработените и учениците постои позитивна клима за работа.

Според класификацијата од Индикаторите за квалитет на работата на училиштата, постојат четири квалитативни нивоа:

1. Не задоволува
2. Делумно задоволува
3. Добро и
4. Многу добро

# 1. НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

## 1.1. Реализација на наставните планови и програми

Воспитно образовната работа во ОУ „Наим Фрашери" - с. Јагол Доленци, Кичево се остварува врз основа на наставните планови и програми за деветгодишно основно образование,наставните програми по Кембрич, како и за учениците од I и IV одделение по Концепцијата за основно образование Применуваните наставни планови и програми се во согласност со програмските документи кои се изготвени од Бирото за развој на образованието и одобрени од Министерот за образование и наука.

Директорот на училиштето пред почетокот на учебната година, навремено ги запознава наставниците со новините и измените во наставните планови и програми, а наставниците кои реализираат настава во I и IV одделение имаат посетено обука за имаат посетено обука за реализација на наставата по новата Концепција за основно образовани, каде се запознаваат со целите и задачите и другите елементи од наставните програми преку семинари, што ги организира Бирото за развој на образованието. Училиштето има изработено брошура која им се доставува на учениците и родителите на почетокот на учебната година, со цел тие да бидат информирани за наставните планови и програми и другите активности на училиштето. Исто така за остварувањето на одделни цели од годишната програма за работа на училиштето, родителите се информираат и преку родителските групни и индивидуални средби.

Изборот на наставните предмети од листите на изборни предмети од наставниот план го избираат учениците во согласност со нивните родители. Изборот на наставни предмети за учениците се врши од листата на предмети преку стручните активи и наставничкиот совет. Согласно наставните планови, преку анкетирање се спроведува постапката за изборни предмети за учениците од VI и IX одд., како и слободни изборни предмети во IV одд. согласно новата концепција.

Во централното и во подрачните училишта не се реализираат проширени програми

Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем. Раководниот тим и стручната служба во училиштето ги одредуваат приоритетите, динамиката и начините на реализација на наставните планови и програми.

Информациите и донесените одлуки во врска со наставните планови и програми кои се предвидени за реализација, се достапни за сите субјекти преку органите на училиштето.

Родителите со наставниот план и програма и со активностите на училиштето планирани во Годишната програма за работа се запознаваат преку родителски средби .

На учениците училиштето им нуди повеќе од три изборни предмети.

Во училиштето не се реализира проширена програма.

## 1.2. Квалитет на наставните планови и програми

Наставниците ги изработуваат годишните и тематските планирања , како и оперативен план за наставен час во согласност со наставните програми и насоките за планирање и организација на наставата и годишната програма за работа на училиштето. Исто така за учениците од I и IV одделение се изработува Годишни планирања , неделно планирање и сценарио за наставен час. Постојат примери на интегрирање на особеностите на локалната средина во планирањата кај одреден број од наставниците.

Училиштето има разработено насоки за вградување на меѓупредметните цели во сите наставни програми што се реализираат.

Потребите на наставниците за нивно стручно оспособување и обука се следат од страна на стручната служба на училиштето. Врз основа на изразените потреби училиштето ги одредува приоритетите и ги планира обуките.

Наставниците континуирано ги евидентираат реализираните обуки во педагошките картони.

Училиштето прибира и разгледува мислења за наставните планови и програми, но нема покренато иницијатива до предлагачите за изменување и дополнување на истите.

## 1.3 Вонннаставни активности

Училиштето планира и реализира слободни ученички активности преку повеќе секции Учениците се вклучуваат во вонннаставните активности по сопствен избор и по препорака на наставникот.

Стекнатите знаења постигнати во редовната настава и вонннаставните активности учениците ги презентираат на настапите пред нивните соученици по повод денот на училиштето и други манифестации.

Општествено корисната работа на учениците, грижа за здравјето на учениците, ученичкиот парламент е насочен кон реализирање на планирани активности со програми на училиштето, кои се составен дел на Годишната програма за работа на училиштето.

Во изработката на анализата на состојбата на животната средина вклучени се ученици од централното училиште и од поддрачните училишта подеднакво.

Училиштето е вклучено во Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието со училиштето ОУ „Христо Узунов“-с.Другово се реализираат работилници на денот на училиштето со посебни точки настапуваат ученици од партнер училиштето. Училиштето планира и реализира и ученички екскурзии согласно Правилникот за начинот на организација и спроведување на екскурзии во основното образование. Со Годишната програма биле планирани еднодневен есенски и пролетен излет, Екскурзии не се реализирани последните три учебни години.
Училиштето има започнато постапка за регистрација на Училишен спортски клуб

Според класификацијата од Индикаторите за квалитет на работата на училиштата, постојат четири квалитативни нивоа:
1. Не задоволува
2. Делумно задоволува
3. Добро и
4. Многу добро

## 1. ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

### 2.1.Постигања на учениците

Училиштето прибира податоци и изготвува извештаи и анализи за постигањата на учениците. Се изготвуваат квартални, полугодишни и годишни извештаи од страна на стручната служба во кои се дадени податоци за постигањата на учениците според пол, паралелки и наставни предмети. Изготвените анализи покажуваат дека средниот успех на учениците за последните три учебни години изнесува: за учебната 2018/2019 година; 3,81 за учебната 2019/2020 година 4,02 и на крајот од учебната 2020/2021 изнесува 4.25..

Од показателите за постигањата на учениците по учебни години се забележува дека во последните неколку учебни години има нагорен раст на средниот успех на учениците на ниво на училиште. Училиштето ги следи постигањата на учениците при премин од одделенска во предметна настава

Во училиштето се посветува внимание на рамноправниот третман на сите ученици во однос на нивните постигања.

Сите ученици имаат еднакви можности за напредок.

Директорот, помошникот на директорот и стручната служба по претходно изготвена програма, утврден план и распоред ја следат реализацијата на наставата.

### 2.2 Задржување и осипување на ученици

Училиштето има податоци за опфатот на учениците од реонот. Се превземаат активности за да се опфатат сите ученици и соработува со надлежните институции.

Училиштето го следи осипувањето на учениците. Бројот на учениците кои се осипуваат е многу мал. Најголем број од учениците се осипуваат поради заминување во странство и премин во друго основно училиште .

Училиштето прибира податоци за отсуството на учениците, оправдани и неоправдани изостаноци. Бројот на оправдани и неоправдани изостаноци во последните три години и е значително намален.Училиштето ја почитува постапката за премин на ученици од едно училиште во друго и за истото води педагошка евиденција согласно законските прописи.

Систематски се следи редовноста на учениците, се анализираат причините за отсуство од наставата.

### 2.3. Повторување на ученици

Во изминатите учебни години нема ученици којa повториле учебната година.За учениците кои го завршуваат основното образование, училиштето располага со податоци за запишани ученици во средно образование.

Училиштето ги запознава учениците и родителите со правото за поднесување жалба при повторување на учебната година.

## 3. УЧЕЊЕ И НАСТАВА

### 3.1. Планирање на наставниците

Во годишната програма на директорот планирани се активности за поддршка и следење на планирањата на наставниците. Стручната служба води евиденција за следење на планирањата на наставниците и истите се следат при нивното доставување. Најголем број од наставниците планирањата ги имаат изготвено и во електронска форма.

Планирањата на поголем број наставници ги содржат неопходните елементи за успешна реализација на наставата. Истите имаат определени цели, форми, методи, , очекувани резултати, начини на , примена на ИКТ и др. Наставниците годишните и тематските планирања ги изготвуваат во рамките на стручните активи, поедини наставници индивидуално и во соработка со наставници од другите училишта.Освен за редовната настава поголем број од наставниците имаат изготвено планови за додатна настава, дополнителна настава, слободни ученички активности,. За наставните предмети: математика, природни науки, биологија, хемија и физика се користат адаптираните наставни програми од Меѓународниот центар за наставни програми на Кембриџ.

Училиштето со проектот за МИО соработува со едно партнер училиште со ООУ„Христо Узунов-Другово

Освен за редовната настава поголем број од наставниците имаат изготвено планови за додатна настава, дополнителна настава, слободни ученички активности,. За наставните предмети: математика, природни науки, биологија, хемија и физика се користат адаптираните наставни програми од Меѓународниот центар за наставни програми на Кембриџ.

Училиштето има формирано Училишен инклузивен тим. Во училиштето нема идентификувани ученици со тешкотии во учењето.

Училиштето изработува распоред настава, а за учениците од I и IV одделение раҫпоредедот е вграден во неделното планирање.

### 3.2 Наставен процес

Во наставниот процес поголем број наставници користат разновидни наставни форми и методи на работа кои се соодветни на потребите на учениците. Од посетените наставни часови се констатира дека наставниците ги поттикнуваат, насочуваат и им помагаат на учениците да го градат своето знаење во процесот на учење.

Во Годишната програма за работа на училиштето планирана е дополнителна, додатна настава и вонннаставни активности и истата се реализира согласно планирањата, интересите на учениците.

Наставниците имаат изготвени годишни програми за дополнителна и додатна настава. Додатната настава се реализира со ученици при подготовка за натпревари.

При реализацијата на воспитно образовниот процес по наставните предмети нема отстапувања од наставните програми.

Изборот на задачите и активностите кои им се задаваат на учениците од поголемиот број наставници се испланирани и поврзани со работата на учениците за време на часовите.

Во Годишната програма за работа на училиштето планирани се активности за следење на наставата за учебна 2021/22 година. За истото постои евиденција во училиштето со протокол за набљудување на наставен час.

Остварувањето на наставниот процес во училиштето е на добро ниво.

### 3.3 Искуства на учениците од учењето

Училниците во кои учат учениците се соодветни спрема бројот на ученици, се добро осветлени, чисти и уредени со ученички трудови Кај најголем број од учениците истите делуваат стимулативно и ги мотивираат учениците подобро да учат.

Поголем број од наставниците за време на своите часови наоѓаат различни начини, методи и техники со кои ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да знаат да поставуваат прашања и самостојно да изведуваат заклучоци од она што го учат.

### 3.4 Задоволување на потребите на учениците

Потребите на учениците се идентификуваат од страна на стручната служба одделенските раководители и наставниците.

Од спроведените анкети со родителите се констатира дека најголем број од анкетираните родители се согласуваат дека училиштето редовно и навремено ги известува за напредокот на нивните деца, им ги кажува добрите страни на нивните деца и каде треба да се подобрат.

Училиштето на јасен начин им го соопштува успехот што се очекува да го постигнат нивните деца и со нив добро се постапува во училиштето.

### 3.5 Оценувањето како дел од наставата

Училиштето ги применува позитивните законски и подзаконски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Следењето и оценувањето на учениците се планира во глобалниот годишен план, тематското-процесно планирање и оперативниот план за наставен час. Наставниците користат различни техники на оценување, каде учениците се вклучуваат во оценувањето. Секој наставник во годишните и тематските планирања има изготвено критериуми за оценување на постигањата на учениците. Во целост се почитува законската одредба за информирање на родителите за оценките на учениците во сите периоди на оценување. Оценувањето на учениците е јавно од страна на поголем дел од наставниците.

До наставнички совет и до училишен одбор нема доставено приговор од страна на ученик или родител по однос на оценка.

Оценувањето на учениците е добро.

### 3.6 Известување за напредокот на учениците

За својот напредок учениците редовно усмено се известувани од одделенскиот раководител и предметниот наставник во текот на учебната година. За постигнатиот успех учениците се известувани и со писмени документи: евидентни листови и свидетелства.

За напредокот на своите деца на родителите им се даваат усни и писмени информации. За напредокот на нивните деца родителите имаат можност да се информираат преку организираните родителски средби кои редовно се одржуваат во училиштето, преку органите во училиштето и на сопствена иницијатива и барање. Училиштето е отворено да одговара на прашањата и интересирањата на родителите за напредокот на нивните деца.   Известувањата за напредокот на учениците се добри.

Во училиштето уредно се води електронската евиденција –е.дневникот .

# 4. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 4.1 Севкупната грижа кон учениците

Училиштето поседува безбеден простор за изведување на воспитно образовниот процес каде учениците и вработените се чувствуваат безбедни. Училишниот двор во централното училиште е ограден од сите страни и во ПУ с. Туин истотака е ограден од сите страни и комплет поплочен со бекатон плочки, бидејќи површината на дворот е мала, додека во подрачните училишта се недоволно оградени и недоволно хортикултурно уредени Во училишниот објект има инсталирано четири против пожарни апарати, кои се сервисирани на 16.09.2021 година од ППА сервис Викторија ДООЕЛ Гостивар.Во училиштето нема хидранти.

Училиштето располага со елементарен медицински материјал за давање на прва помош. Има тројца наставници со стекнати сертификати за давање на прва помош. Објектот во централното и подрачното училиште во село Туин се осигурани УНИКаА АД Скопје на 24.02.2022 година додека објектите во другите три подрачни училишта не се осигурани. Учениците и вработените се осигурани. Од страна на наставниот кадар по претходно изготвен распоред се реализира дежурство.

Во училиштето има донесено Оперативен план план за заштита и спасување бр. 03-15/1 од 28.01.2020 година.

Во централното училиште и во ПУ е поставена шема за евакуација.Вежба за напуштање (евакуација) на училишната зграда на ученици и вработени при симулација на пожар, не е извршена.

Во училиштето нема појави на употреба на никотин, алкохол или наркотични средства. Учениците се снабдуваат со храна од дома .

Училиштето поседува куќен ред и кодекс на однесување за учениците , наставниците и родителите во чија што изработка учествувале и учениците и се истакнати на видни места.

Дисциплината на учениците за време на часовите и одморите е добра.

Во училиштето има демократски формиран Ученички парламент кој придонесува во решавањето на проблемите и донесувањето одлуки за работи што се од нивен интерес.

Ученичкиот парламент има своја програма за работа и се реализираат работилници и дебати.

Согласно законските прописи училиштето има изготвено Брошура за ученици и родители, истата е поделена на учениците и родителите, која во скратена форма ја презентира програмата на училиштето,организацијата на работа и обврските на учениците.

### 4.2 Здравје

Во централното и во подрачните училишни згради хигиената е добра. Училиштето прави напори за правилно одржување на личната хигиена кај учениците и одржување на хигиената во училишните објекти и има обезбедено дезинфекциони средства, сапуни. Во училишниот двор има корпи за отпадоци и клупи за одмор на учениците.

Учениците редовно ги примаат потребните вакцини. Во централното и подрачните училишта, се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација (ДДД). Во учебната 2021/2022 година, дезинфекција, дезинсекција и дератизација е извршена на 11.09.2021 година .

Во состав на Годишната програма за работа на училиштето е и Програмата за грижата за здравјето на учениците, во која се планираат редовните активности (вакцинации, систематски прегледи).

За наставниот кадар, на почетокот на секоја учебна година се вршат санитарни прегледи, за кои прегледи се водат санитарни книшки.

Се вршат и редовни систематски прегледи (на две години), за кои прегледи училиштето добива повратна информација за работната способност на вработените.

Последниот систематски преглед на вработените е извршен на 24.09.2021 година.

Училиштето има договорени процедури за грижа за здравјето на учениците и вработените кои редовно и навремено се спроведуваат во соработка со родителите и здравствените установи.

### 4.3 Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

Стручната служба придонесува за советодавната работа, следење на напредокот на учениците на кои им е потребна помош, разговор со родители, следење на наставниот процес и друга стручна помош.

Училиштето има соработка со средните училишта кои со помош на презентации и излагања ги запознаваат учениците со насоките и образовните профили и можноста за натамошно образование .

### 4.4 Следење на напредокот

Училиштето изготвува извештај за напредокот на учениците по паралелки и годишен извештај со заклучни согледувања и се следи индивидуалниот напредок на учениците.

Наставниците водат евиденција за напредокот на постигањата, редовноста и поведението на учениците по паралелки и на ниво на училиште.

Постои добра соработка меѓу раководниот кадар, стручната служба, класните и предметните наставници, како и родителите.

# 5. УЧИЛИШНА КЛИМА

## 5.1 Училишна клима и односи во училиштето

Училишната клима и односите помеѓу учесниците во воспитно-образовниот процес во училиштето се добри.

Најголем број од наставниците уживаат респект кај родителите и учениците и придонесуваат за целосна афирмација на училиштето.Раководниот орган и стручната служба имаат важна улога во одржувањето на добрата атмосферата во училиштето, остваруваат добра соработка со учениците, наставниците и родителите.

Училиштето има донесено Кодекси за однесување на учениците, наставниците и родителите со кој се регулирани правилата на однесување во училиштето.

Во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување од страна на наставниците, пропишани со кодексот, се постапува согласно Законот за основно образование, Законот за работни односи и Законот за јавни службеници. Во изминатите четири учебни години, не е покрената постапка против наставник заради непочитување на правилата.

Во случај на кршење на правилата на однесување на учениците во училиштето, на учениците им се изрекуваат педагошки мерки, согласно Правилникот за оценување, наградување, полагање испити, видови пофалби и награди и педагошки мерки.

Со правилото за однесување во училиштето, родителите се запознаваат преку Брошура за родители и ученици, која им се поделува на родителите на почетокот на учебната година.

Раководството на училиштето, води политика на взаемно почитување и рамноправен третман и однос кон сите вработени, без разлика на пол, етничка припадност, возраст и друго. Постои професионален однос помеѓу вработените, особено на ниво на активи, одделенија и училиште. Раководниот, стручниот и наставниот кадар имаат клучна улога во одржувањето на професионалниот однос помеѓу сите структури.

Професионалниот однос помеѓу вработените има одраз и во однесувањето на учениците, кои без разлика на:,пол, возраста, социјалниот статус и постигањата, во училиштето се чувствуваат безбедни и прифатени од сите вработени.

Дисциплината на учениците во училиштето е добра. Споредбените податоци покажуваат дека во последните три учебни години учениците се оценети со Примерно поведение.

Во училиштето е донесен Куќен ред, во кој се утврдени правилата на однесување во училиштето .Куќниот ред е усогласен со Планот и Протоколот за постапување на основните училишта во РСМ за реализација на воспитно образовниот процес со физичко присуство на учениците.

Во училиштето, формиран е Ученички парламент, кој има Годишна програма за работа.

Според класификацијата од Индикаторите за квалитет на работата на училиштата, постојат четири квалитативни нивоа:
1. Не задоволува
2. Делумно задоволува
3. Добро и
4. Многу добро

### 5.2 Промовирање на постигањата

Училиштето посветува внимание за промовирање на постигањата на учениците. Постигањата на учениците од учество на конкурси, културни манифестации, спортски натпревари, ликовни изложби, приредби по повод позначајни празници најчесто се промовираат на денот на училиштето и училишната брошура. Трудовите на учениците се истакнати на видни места во училиштето . Учениците имаат можност своите потенцијали да ги изразат во наставата и во вонаставните активности

### 5.3. Еднаквост и правичност

Вработените во училиштето ги знаат и почитуваат правата на децата. Училиштето води грижа за еднаков и правичен пристап кон сите ученици. Вработените во училиштето се запознати со правата на децата и можат да ги препознаат случаите на нивно нарушување во практиката.

Се промовираат еднаквоста и правичноста како темелни вредности. Наставниците подеднакво се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, социјалното потекло, и способностите на учениците.

### 5.4. Партнерски однос со родителите и со локалната заедница

Родителите во работата на училиштето се вклучуваат преку формалните законски форми - Совет на родители и Училишен одбор.

Комуникацијата со родителите најчесто се воспоставува за време на Совет на родители, родителски средби, при индивидуални средби, Советување на родители.

Задолжително се одржуваат по две родителски средби во прво полугодие и две родителски средби во второ полугодие.

Родителите се запознаени со Програмата за работа на училиштето, со правата и обврските на учениците, на родителската средба која се организира на почетокот на учебната година и преку информативната брошура за родители.

Училиштето соработува со локалната самоуправа - учествува во одбележувањето на значајни настани, манифестации организирани во рамките на општината и при планирање и реализација на проекти кои се од непосреден интерес за подобрување на работата во училиштето.

Подршката од општината е на добро ниво, особено во делот на средства за тековно одржување, финансиска помош за реализација на капитални проекти.

Соработката на училиштето со невладиниот сектор е добра исто така и со деловната заедница

Според класификацијата од Индикаторите за квалитет на работата на училиштата, постојат четири квалитативни нивоа:
1. Не задоволува
2. Делумно задоволува
3. Добро и
4. Многу добро

## 6. РЕСУРСИ

### 6.1. Сместување и просторни капацитети

Воспитно образовната дејност во ОУ „Наим Фрашери“ - с. Ј. Доленци се реализира во четири објекти од цврста градба: во с. Ј. Доленци и четири подрачни училишта во с. Туин, с. Калешовци с. Папрадишта и с.Бериково.

Дел од објектите односно, просториите во кои се изведуваат наставата ги исполнуваат условите пропишани со Нормативот.

Во с. Јагол Доленци училишниот објект се наоѓа на самиот влез од селото. Во него се реализира настава од прво до деветто одделение со опфат на учениците од с. Ј. Доленци и с. Поповјани. Учениците од с. Папрадишта и с.Бериково истотака во оваа училиште продолжуваат после петто одделение.

Во село Туин наставата се реализира со опфат на ученици од с.Туин од прво до деветто одделение. Учениците од с. Калешовци во ова училиште продолжуваат од шестто до деветто одделение..

Санитарните јазли ги задоволуваат потребите на учениците и вработените. Хигиената во училиштето е на добро ниво.

Училиштето располага со 11 училници, 3 кабинети, 2 библиотеки, 2 мали спортски терени, 2 наставнички канцеларии, канцеларии за директорот, пом. директорот, благајник, секретар, стручна служба и 2 простории за пом. персонал, широки ходници, тоалети за ученици и наставници и 2 котлари. Училиштето поседува инфраструктурни ресурси и капацитети. Наставата во училиштето се изведува во една смена.

Училиштето се загрева со парно греење. Училишниот двор ја задоволува потребната квадратура и е целосно ограден.

Училишниот двор во централното училиште е ограден од сите страни и во ПУ с. Туин истотака е ограден од сите страни и комплет поплочен со бекатон плочки, бидејќи површината на дворот е мала, додека во подрачните училишта се недоволно оградени.

### 6.2 Наставни средства и материјали

Потребите од наставни средства и помагала се утврдуваат на наставнички совет, на активот на наставници од одделенска настава како и од констатациите при посетата на часовите. Во училиштето се инсталирани компјутери и има лап-топ компјутери за учениците од одделенска настава.

Училиштето ја планира набавката на основниот потрошен материјал со финансискиот план во рамките на дозволените средства.

Училишната библиотека располага со околу 2493 книги од кои 1350 лектирни изданија од кои 1143 стручна литература . Библиотечната евиденција се води во книжна и електронска форма.

Нема утврдено работно време, Библиотеката е отворена за користење од страна на учениците во текот целиот училишен ден.

### 6.3 Обезбедување на потребниот наставен кадар

Вкупниот број на вработени во училиштето е 43 лица од кои 23 наставници, од кои 20 на неопределено и 3 на определено работно време 1 стручен соработник-педагог 2 библиотекари директор, помошник директор, друг помошен персонал (17), секретар, благајник, архивар, хаус-мајстори, економ, ложач на парно греење, чувари и хигиеничари

Според степенот на образование-стручност, 20 наставници се со високо образование и 3 со вишо образование,

Училиштето соработува со локалната средина, со институции, здруженија на граѓани и невладини организации.

Меѓу вработените и учениците постои позитивна клима за работа.

Вработените го почитуваат работното време. Редовноста на техничкиот персонал и на наставниот кадар ја следи директорот.

При отсуствата на наставниците се води грижа за замената да биде соодветна и навремена.

### 6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар

Од разговорите со наставниците и посетените часови, евидентна е потребата од континуирано стручно усовршување на наставниците за подобрување на стручните способности.

Наставниот кадар води портфолија за професионален развој со евидентирани досегашни обуки и други активности на наставниците.

Работата на наставниците-приправници ја следи ментор, кој ја следи работата на приправникот и му дава соодветна стручна помош преку остварување на програма на менторот. Следењето на развојните потреби на кадарот е добро.Наставниците од одделенска настава ја имаат следено обуката за новата Концепцијата за основно образование. Училиштето учествува во обуки и семинари кои го унапредуваат воспитно-образовниот процес. Изборот на наставници кои учествуваат на овие семинари е транспарентен и правичен.

Училиштето има план за дисеминација на знаењата стекнати од едукациите на наставниците.

## 6.5 Финансиско работење во училиштето

Раководниот кадар на училиштето е ограничен во планирањето на средствата со финансискиот план. Училиштето изготвува финансиски план на потребни средства, Советот на локалната самоуправа го усвојува и го доставува во училиштето. Училишниот одбор како орган надлежен го донесува предлог финансискиот план и предлог завршна сметка за усвојување.

Директорот го следи и контролира наменското трошење на буџетските средства. Јавните набавки од поголема вредност се остваруваат преку локалната самоуправа. За училишниот буџет и трошоците се информирани основачот и органите на училиштето.

# 7. УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ НА ПОЛИТИКА

## 7.1 Управување и раководење со училиштето

Управувањето и раководењето со училиштето е добро. Училишниот одбор е орган на управување и е конституиран согласно законската регулатива. Училишниот одбор ги извршува своите законски обврски, презема конкретни чекори за идентификување на состојбите, поставување на приоритети и предлагање иницијативи и активности за подобрување на постигањата на учениците како и на целокупниот воспитно-образовен процес.

Сите членови на УО се со легитимен мандат. Претседател на УО согласно новиот закон за основно образование е родител.

Состаноците на Училишниот одбор се добро организирани, членовите уредно и навремено се поканувааат и секогаш се обезбедува потребното мнозинство за работа. За одржаните состаноци се водат Записници. Училишниот одбор донесува одлуки, дава мислења, разгледува финансиски планови и извештаи.

Соработката на Училишниот одбор со родителите, директорот и локалната самоуправа е добра.

Годишната програма за работа на училиштето е донесена и заведена со дел.бр. 03-152/1 од 03.08.2021 годи Директорот на училиштето е избран со Решение на Градоначалникот на Општина Кичево.

Директорот на научилиштето, како раководен орган, има професионален однос кон работата и како приоритет на своето работење го става подобрувањето на условите за работа на училиштето, дисциплината и постигањата на учениците. Работењето на раководниот орган е засновано на тимска работа и во таа насока донесува одговорни одлуки.

Директорот во своето работење се потпира на тимската работа,.

## 7.2 Цели и креирање на училишната политика

Целите и креирањето на училишната политика на училиштето се во согласност со државната и локалната образовна политика. Овие цели се зацртани во Програмата за развој на училиштето, како стратешки документ, донесен од страна на Училишниот одбор. Во училиштето овие цели се насочени на подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес.

Во креирањето на училишните образовни политики активно се вклучени и родителите, преку формалните тела (Совет на родители, одборите на паралелките и на други начини)..

Училиштето има изработено самоевалуација дел(дел.бр.03-113 од 18.06.2021 год.). година во која прецизно се забележани јаките страни во работењето, но и слабите страни, страните кои треба во иднина да се подобруваат. Соодветно на детектираните слаби страни во самоевалуацијата, училиштето има донесено Програма за развој на училиштето со дел.бр.02-39 од 24.02.2022 год година. години.

Во Програмата целите на развојната политика се прецизни, и јасно отсликани и сите опфатени, мисијата и визијата на училиштето, а при нивните поставувања се вклучени наставниците, родителите, учениците и претставниците на локалната заедница. За сите поставени цели се изготвени акциски планови со носители на активностите со временски рок по години и континуирано извршување.

Училиштето обезбедува подеднакви услови за изведување на наставата (училници и наставни помагала), за сите ученици.

## Наоди и препораки

### 8.1 Силни страни

- Раководниот орган добро раководи со училиштето и во работата има подршка од најголемиот број на субјекти во него.
- Редовноста на учениците во наставата е добра.
- Добра соработка на раководниот кадар со наставниците, УО и локалната самоуправа како и со мегународни невладини организации
- Отвореност на училиштето за комуникација и соработка со родителите и локалната заедница.
- Добра и безбедна средина за учење

### 8.2 Слаби страни

- Подрачните училишта не располагаат со спортски игралишта.
- Дел од наставниците не ја планираат домашната работа во оперативните планирања.
- Недоволно се истакнуваат трудовите на учениците
- Објектите во пдрачните училишта во с.Бериково и с.Папрадишта се нереновирани.

### 8.3 Препораки

- Училиштето да направи напори за обезбедување на финансиски средства за изградба на спортски игралишта.
- Да се посвети внимание да ја планираат домашната работа во оперативните планирања
- Да се посвети внимание за истакнување на трудовите на учениците.
- Да се вложат напори за реновирање на објектите во подрачните училиште.

| | |
|---|---|
| Раководител на инспекцискиот тим | **Амдин Рушај** |
| Инспектор | **Бошко Стефановски** |
| Инспектор | **Нермина Карагоска** |

---

Според класификацијата од Индикаторите за квалитет на работата на училиштата, постојат четири квалитативни нивоа:
1. Не задоволува
2. Делумно задоволува
3. Добро и
4. Многу добро